РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-330/11
03.05 2019 год.
КОЧАНИ

Друштво за трговија,угостителство и услуги
КУЗЕ 2000 ДООЕЛ увоз-извоз
подружница Станица за технички преглед
КУЗЕ МОТОРС Кочани
Бр. 0307-3119
03.05 2019 год.
КОЧАНИ

# Договор

**Склучен помеѓу:**

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во натамошниот текст: **Корисник на услугата ) и**

**2. Друштво за трговија, угостителство и услуги КУЗЕ 2000 ДООЕЛ увоз-извоз Кочани**, со седиште на ул. „29-ти Ноември“ бр.97 Б Кочани, ДБ: 4013999110915 и ЕМБС: 5363411, жиро с-ка 210-0536341102-61, депонент на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, застапувано од Управителот Јане Јанков (во натамошниот текст: **Вршител на услугата)**

*Предмет на договорот*

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Технички преглед и регистрација на возилата на Општина Кочани**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација бр.05-330/3-1 од 28.03.2019 год., изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на оглас бр.05-330/4/2019 од 26.03.2019 год., објавен на ЕСЈН а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-330/2 од 25.03.2019 год.

*Вредност на договорот*

**Член 2**

Вкупната вредност на Договорот за вршење на услугите опишани во техничката спецификација, составен дел на овој договор, согласно извештај за текот на е-аукцијата и понудата на Вршителот на услугата поднесена преку ЕСЈН без вклучен ДДВ изнесува **29.169,00 ден.** (**од кои 19.081,00 ден.** е износ за вршење технички преглед, 10.088,00 ден. износ на јавни давачки) и износ на ДДВ од **3.434,58 ден.** – за техничкиот преглед.
**Вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 32.603,58 денари.**

Вкупната цена на понудата, прилог на овој договор е збир од понудената единична цена без ДДВ за технички преглед и регистрација на конкретното возило, трошоци и попусти на носителот на набавката и надоместоци за јавни давачки кои опфаќаат: 1% надоместок за јавни патишта; надоместок за комунална такса; надоместок за екологија; црвен крст и други такси доколку има.

Цената за технички преглед и регистрација за секое возило и износот на јавните давачки ќе бидат детално образложени при изготвување на фактурата.

Согласно чл.32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта (Сл.весник на РМ бр.168/2012), Општина Кочани како договорен орган кој располага, стопанисува и управува со возилата предмет на технички преглед и регистрација, по спецификација, ќе изврши

уплата од 99% на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучни возила кој се плаќа при регистрација на возилото директно на сметка на Јавното претпријатие, а 1% го плаќа станицата за технички преглед на моторни возила по извршениот технички преглед кој се трансферира на сметка на Републичкиот совет за безбедност на патиштата, сите останати јавни давачки се изразени во понудата, прилог на овој договор.

Единечните цени за технички преглед без ДДВ и износот на ДДВ на техничкиот преглед, се утврдени во согласност со извештајот од е-аукцијата одржана на ден 15.04.2019 год. генериран на ЕСЈН, и истите се соодветно пропорционално намалени за 36,2479 % во однос првично понудената цена и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка бр. 05-330/2 од 25.03.2019 год. се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2019 и 2020 година, програма Е0, ставка 421.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши со фактура за стварно извршена услуга согласно техничката спецификација, а согласно единичните цени дадени во листата на цени, составен дел на овој Договор.

Плаќањето ќе се врши во рок до 30 дена, сметано од денот на поднесување на фактурата во архивата на Корисникот на услугата, а ДДВ ќе биде посебно изразен во фактурата.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Начин и рок извршување на услугите***

**Член 5**

Набавката е сукцесивна, за времетраење од 1 /една/ година, сметано од денот на потпишување на договорот. Вршителот на услугата ќе пристапува кон извршување на услугите предмет на оваа набавка по барање на Корисникот на услугата.

**Услугите ќе се вршат во Станица за технички преглед Кузе Моторс Кочани.**

Вршителот на услугата услугите предмет на договорот за јавна набавка ќе ги врши на следниот начин:

- во рок од најмногу 1 /еден/ ден од барањето на Корисникот на услугата за потребата од регистрација со вклучен технички преглед за возило/а,
- во случај на потреба од регистрација на возило со вклучен технички преглед, Корисникот на услугата возилото го евидентира во Станицата за технички преглед на Вршителот на услугата, откако ќе се изврши технички преглед на возилото и се утврди дека возилото ги задоволува пропишаните норми за безбедно учество во сообраќајот и доколку се исполнети другите пропишани услови, се врши регистрација на возилото.

Вршителот на услугата покрај вршење на услугите предмет на јавната набавка без утврдување на дополнителен надоместок, односно трошок за договорниот орган во периодот на времетраењето на договорот, задолжително ќе ги врши следните услуги:

- превентивни технички прегледи на возилата на Општина Кочани

- шлепување на возило/а при дефект на територијата на општина Кочани,
- промена на масло и филтер за масло, антифриз, глицерин, промена на светилки на патничките возила сопственост на Општина Кочани,
- центрирање и балансирање на патничките возила сопственост на Општина Кочани.

Возилата на Општина Кочани се осигурани од автоодговорност со договор склучен помеѓу Општина Кочани и ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје доделен во спроведена постапка за јавна набавка. Доколку настанат било какви промени во врска со договорот за осигурување, Корисникот на услугата за настанатите промени ќе го извести Вршителот на услугата за вршење на технички преглед и регистрација.

**Член 6**

Корисникот на услугата ќе задолжи лице за следење реализацијата на овој договор, навремено утврдување на потребата за регистрација на возилата, сопственост на Корисникот на услугата и стапување во контакт со одговорните лица на Вршителот на услугата.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 7**

Вршителот на услугата е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, на начин, време и рокови кои ќе бидат утврдени во секое конкретно сукцесивно поднесено барање од страна на Корисникот на услугата, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Вршителот на услугата не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 8**

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл.4 на овој Договор.

***Договорна казна***

**Член 9**

Вршителот на услугата ќе му плати на Корисникот на услугата определен паричен износ (договорна казна), ако:

- не ја исполни својата обврска или
- задоцни со нејзиното исполнување или неуредно ја исполни.

Во случај на доцнење со извршување на услугите, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна за задоцнување при извршување на обврските изнесува 5% од вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ за секој ден задоцнување, ако извршувањето на услугата предмет на овој договорот не се заврши во договорениот рок и согласно барањето на договорниот орган. Договорната казна за задоцнување се пресметува секој ден додека Вршителот на услугата не ја изврши обврската - предмет на договорот, но не повеќе од 14 дена сметано од денот на барањето на договорниот орган.

Кога извршувањето на обврската доцни, Корисникот на услугата ќе му врачи на Вршителот на услугата писмено известување дека го задржува правото на договорна казна.

Договорната казна за неисполнување на обврската изнесува 20 % (проценти) од вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ, во случај на неисполнување на обврската на Вршителот на услугата.

Во случај на 2 (две) последователни задоцнувања, Корисникот на услугата има право по предходно доставено писмено известување до Вршителот на услугата во дополнително оставен рок од 2 /два/ дена, да го раскине Договорот со проста изјава и право да наплати договорна казна за неисполнување на обврската, односно договорот во износ од 20 % (проценти) од вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ. Во овој случај, Вршителот на услугата е должен да му ја надомести и штетата на Корисникот на услугата.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 10**

Времетраењето на овој Договор е 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на стапувањето на сила.

***Завршни одредби***

**Член 11**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 13**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила на денот на потпишувањето.

| | |
|---|---|
| ***за Вршителот на услугата,*** | ***за Корисникот на услугата,*** |
| ***Кузе 2000 ДООЕЛ*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Јане Јанков )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Друштво за трговија,угостителство и услуги КУЗЕ 2000 подружница Станица за технички преглед КУЗЕ МОТОРС Кочани ДООЕЛ увоз-извоз Кочани

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

Составен дел на овој Договор е :

- листа на цени со единечни цени намалени за 36,2479 %, согласно резултати од е-аукција и цени за јавни давачки по поединечно возило согласно поднесена понуда преку ЕСЈН

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
***Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи –Венцо Бојков***
***Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева***

**Табеларен приказ на возилата на Општина Кочани, според тип, вид на возило и карактеристики**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Податоци за возилото | Регистарска ознака | Важност на регистрацијата до: | Технички преглед без јавни давачки на 12 месеци | Износ на јавни давачки по поединечно возило | Износ на ддв по поединечно возило (само во однос на колона 5) |
| 1. | Вид на возило:патничко<br>Марка: Renault<br>Тип: M(Megane)<br>Бр.шас.VF1LMOUO629482403<br>Бр.мот.COO9752<br>Година на производство:2003<br>Сила на моторот: 98kw<br>Работна зафатнина:1998см3<br>Маса на празно возило во кг: 1460<br>Места за седење:5<br>Форма на каросерија: лимузина<br>Боја: сива 8b | КО-0002-АВ | 26.12.2018 | 1.058,28 | 1.031,00 | 190,49 |
| 2. | Вид на возило:патничко<br>Марка: Daewoo<br>Тип: Matiz<br>Бр.шас.UU6MF484E8D119091<br>Бр.мот.F8CV/590561KB1<br>Година на производство:2007<br>Сила на моторот: 37,5kw<br>Работна зафатнина: 796 $cm^3$<br>Маса на празно возило во кг: 910kg<br>Места за седење: 5<br>Форма на каросерија:limuzina<br>Боја: bela 01 | КО-0004-АВ | 03.10.2018 | 1.058,28 | 368,00 | 190,49 |
| 3. | Вид на возило:патничко<br>Марка:Daewoo | КО-0006-АВ | 23.05.2018 | 1.058,28 | 368,00 | 190,49 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тип: Matiz<br>Бр.шас.UU6MF484E8D119090<br>Бр.мот.F8CV/590752KB1<br>Година на производство:2007<br>Сила на моторот: 37,5kw<br>Работна зафатнина: 796см3<br>Маса на празно возило во кг:910<br>Места за седење:5<br>Форма на каросерија:limuzina<br>Боја:bela 01 | | | | | |
| 4. | Вид на возило:патничко<br>Марка:Lada-Vaz<br>Тип:2121(niva injection)<br>Бр.шас.XTA21214051792663<br>Бр.мот.21214/7977264<br>Година на производство:2006<br>Сила на моторот: 59,50kw<br>Работна зафатнина: 1690см3<br>Маса на празно возило во кг:1285<br>Места за седење:4<br>Форма или намена на каросерија: terensko vozilo<br>Боја: bela 01 | КО-0005-АВ | 28.12.2018 | 1.058,28 | 758,00 | 190,49 |
| 5. | Вид на возило:патничко<br>Марка:Daewoo<br>Тип:Tico SL/AS<br>Бр.шас.KLY3S11BDTC229297<br>Бр.мот.F8C-274788<br>Година на производство: 1995 год.<br>Сила на моторот: 26kw<br>Работна зафатнина: 796см3<br>Маса на празно возило во кг:640<br>Места за седење:5<br>Форма на каросерија:limuzina<br>Боја: crvena 76 | КО-0008-АВ | 28.03.2018 | 1.058,28 | 351,00 | 190,49 |
| 6. | Вид на возило:М1 патничко | КО-2527-АВ | 22.05.2018 | 1.058,28 | 478,00 | 190,49 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Марка:Lifan<br>Тип:LF3/---/---<br>Комерцијална ознака: Lifan320/LF7132B<br>Инд.број LLV1C2A16B0016334<br>Бр.мот.110101605<br>Година на производство:2010<br>Сила на моторот: 65kw<br>Зафатнина на моторот: 1342см3<br>Места за седење:5<br>Форма на каросерија:АА-Лимузина<br>Боја:crvena/74 | | | | | |
| 7. | Вид на возило:М1 патничко<br>Марка:Lifan<br>Тип:LF3/---/---<br>Комерцијална ознака: Lifan 320/LF7132B<br>Инд.број LLV1C2A12A0010013<br>Бр.мот. 101000505<br>Година на производство: 2010год.<br>Сила на моторот: 65kw<br>Зафатнина на моторот: 1342см3<br>Места за седење:5<br>Форма на каросерија: АА-Лимузина<br>Боја: crvena/74 | КО-2526-АВ | 12.06.2018 | 1.058,28 | 478,00 | 190,49 |
| 8. | Вид на возило:М1 патничко<br>Марка:Lada<br>Комерцијална ознака: Lada 4x4<br>Бр.шас.XTA212140A1962603<br>Бр.мот.21214/9338531<br>Година на производство:2010 год.<br>Тип на моторот:21214<br>Сила на моторот: 59kw<br>Зафатнина на моторот: 1690см3<br>Места за седење:4<br>Форма на каросерија:АА Limuzina<br>Боја:бела/ 01 | КО-0007-АВ | 16.01.2019 | 1.058,28 | 758,00 | 190,49 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Вид на возило: N1 Tovarno<br>Марка:TOYOTA<br>Комерцијална ознака: TOYOTA HILUX<br>Год. на производство 2013, BELA/01<br>Идентиф.бр.AHTFR22G206079113<br>Облик и намена на каросеријата:BA-KESON PROTIVPOZHARNO,<br>Тип на моторот 2KD,<br>Зафатнина на моторот 2494см3,<br>Силина на моторот 106kw,<br>Број на моторот A286797 | KO-5990-AB | 22.05.2018 | 1.511,56 | 535,00 | 272,08 |
| 10. | Вид на возило:tovarno<br>Марка:DAIMLER - BENZ<br>Комерцијална ознака: LAF 1113 B<br>Бр.шас.385117 14 334311<br>Бр.мот.353913-10-461564<br>Година на производство: 1978год.<br>Сила на моторот: 123kw<br>Работна зафатнина: 5638CM3<br>Места за седење:9<br>Облик и намена на каросеријата: Возило за специјална намена, противпожарно<br>Боја:ORANZH/6E | KO-2533-AB | 01.08.2018 | 1.511,56 | 535,00 | 272,08 |
| 11. | Вид на возило:tovarno<br>Марка:MAGIRUS DEUTZ<br>Комерцијална ознака: FM170 D11 FA Бр.шас.490 0112 814<br>Бр.мот.6273689<br>Година на производство: 1982год<br>Сила на моторот: 129kw<br>Зафатнина на моторот: 8424см3<br>Места за седење:9<br>Облик и намена на каросеријата: возило за специјална намена противпожарно<br>Боја: crvena/73 | KO-2532-AB | 01.08.2018 | 1.511,56 | 535,00 | 272,08 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Вид на возило: Специјално противпожарно<br>Марка:FAP<br>Тип: 1314 FF-75,16<br>Бр.шас.91851<br>Бр.мот.132879<br>Година на производство: 1983год.<br>Сила на моторот: 106,60 kw<br>Работна зафатнина: -<br>Маса на празно возило во кг:5700<br>Места за седење:3<br>Облик и намена на каросеријата :затворено<br>Боја: crvena/74 | КО-1441-АВ | 13.02.2019 | 1.511,56 | 535,00 | 272,08 |
| 13. | Вид на возило: N3 tovarno<br>Марка:DAF<br>Комерцијална ознака: FA LF55<br>Бр.шас. XLRAE55GFOL354842<br>Бр.мот. 21919951<br>Година на производство: 2009 год.<br>Сила на моторот: 210kw<br>Зафатнина на моторот: 6693<br>Места за седење:6<br>Облик и намена на каросеријата: Возило за специјална намена, противпожарно<br>Боја: crvena/74 | КО-3872-АВ | 18.04.2018 | 1.511,56 | 535,00 | 272,08 |
| 14. | Вид на возило:Автобус<br>Марка:YUTONG<br>тип ZK6858H9<br>Бр.мот. YC6J220-30<br>Бр.шас. LZYTDTD69B1027958<br>Година на производство: 2011год.<br>Сила на моторот: 162KW<br>Работна зафатнина: 6500см3<br>Маса на празно возило во кг:8800 | КО-0010-АВ | 05.05.2018 | Цена за технички преглед на 12 месеци | Јавни давачки за 12 месеци | ддв за тех.преглед за 12 месеци |
| | | | | 1.297,99 | 1.734,00 | 233,64 |
| | | | | Цена за технички преглед на 6 месеци | Јавни давачки за 6 месеци | ддв за тех. преглед за 6 месеци |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Места за седење:33<br>Форма на каросерија:еднокатен автобус<br>Боја:жолта 6А | | | 700,64 | / | 126,11 |
| 15. | Вид на возило:патничко<br>Марка:VOLKSWAGEN<br>Тип: 3C/AACRLBX0/---<br>Комерцијална ознака: PASSAT<br>Инд.број на возилотоWVWZZZ3CZGE069418<br>Инд.број на моторот 457327<br>Година на производство: 2015год.<br>Сила на моторот: 110KW<br>Работна зафатнина: 1968см3<br>Места за седење:5<br>Форма на каросерија:АА Лимузина<br>Боја:црна метална/20 | КО-6769-АВ | 06.10.2018 | 1.058,28 | 1.089,00 | 190,49 |
| | | | **Вкупно:** | 19.081,00 | 10.088,00 | 3.434,58 |

***за Вршителот на услугата,***
***Кузе 2000 ДООЕЛ***
***Управител,***

***( Јане Јанков )***

***за Корисникот на услугата,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

**Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова**
**Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи –Венцо Бојков**
**Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева**